Бр./Nr 12-604/2
18-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 29-та седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-604/1 од 02.02.2026 година, поднесена против лицето ---- – лице без формална функција во Здружението за заштита на авторски музички права, како и лицето ---- – вработена во Здружението за заштита на авторски музички права, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК оцени дека согласно со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со бр. 12-604/1 од 02.02.2026 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 02.02.2026 година, поднесена е пријава, односно нејзино дополнување на ден 12.02.2026 година, против лицето лицето ----- лице без формална функција во Здружението за заштита на авторски музички права (понатаму: ЗАМП), како и лицето ----- вработена во ЗАМП.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот на пријавата навел дека горенаведените лица во меѓусебна соработка вршеле влијание врз распределба на тантиеми и авторски надоместоци, примајќи средства во готовина, фаворизирале одредени песни и изведувачи итн.

По разгледувањето на пријавата ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување, поради тоа што ЗАМП согласно организациониот облик 10.9, спаѓа под останати општествени организации, фондации и здруженија на граѓани, и како резултат на тоа горенаведените лица не претставуваат службени лице во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, што ја прави ДКСК ненадлежна за постапување по предметната пријава.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. виш соработник
Контролирал: м-р К.З. раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. раководител на сектор